# Dementia (Деменција)

## Одговори на вообичаени прашања во врска со губење на памтењето и збрканост

REVIEWED
August 2004
NSW Multicultural Health Communication Service

**MACEDONIAN**

**П. Што е деменција?**
**О.** Деменција е име што се користи за група на симптоми кои произлегуваат од опаѓање на функциите на мозокот. Главните знаци се губење на памтењето, збрканост, дезориентација и намалување на умствените функции.

Ние сите од време на време забораваме работи, можеби малку и повеќе како што стареeме, но губењето на памтењето кај деменцијата е различно. Тоа е постојано и прогресивно, а не само повремено. Тоа значи да се изгуби работата. Значи да се заборави да се вклучи плинот. Значи да не можеш да се вратиш од некаде затоа што си се загубил. На крај, значи да заборавиш како да се облекуваш, како да си ја одржуваш личната хигиена или дури и како да ја завршиш реченицата што си ја почнал.

**П. Што предизвикува деменција?**
**О.** Симптомите на деменција може да произлезат од многу различни причини. Алцхајмеровата болест е причината за 70 посто од сите случаи на деменција. Васкуларната деменција (порано позната како мулти-инфарктна деменција) е следната најчеста причина и често се јавува како резултат на повеќе мали удари на мозокот или намален доток на крв во делови од мозокот. Во другите видови на деменција спаѓаат Pick's disease (вид на деменција што се јавува кај млади луѓе), деменција наречена Lewy body disease и деменција на челниот дел од мозокот. Претераното конзумирање на алкохол подолго време, болест на штитната жлезда, тумор на мозокот и СИДА, исто така, можат да предизвикаат деменција.

**П. Дали Алцхајмеровата болест и другите форми на деменција можат да се лекуваат или да се излечат?**
**О.** Иако насекаде низ светот се изведуваат опсежни испитувања, за жал, досега сеуште не е пронајден лек или лекување за Алцхајмеровата болест што ќе делува.

Причините за некои други видови на деменција може да се лекуваат и понекогаш ситуацијата може драматично да се подобри. Затоа, неопходно е да се постави точна лекарска дијагноза.

**П. Колку луѓе имаат деменција?**
**О.** Во 1998, околу 135,000 луѓе на 60годишна возраст или постари имаа умерена до тешка деменција и значителен број покажуваа рани симптоми. Како резултат на тоа што нашето население е се постаро, се очекува овие бројки да се зголемат за 65 посто до 2016 година.

**П. Кај кого се јавува деменција?**
**О.** Кај секого. Деменцијата може да се појави на било која возраст, но староста е ризичниот фактор за оваа болест. Едно лице од четворица на возраст од 85 години или постари има умерена до тешка деменција.

**П. Дали Алцхајмеровата болест се наследува?**
**О.** Ако сте дете, брат или сестра на лице со Алцхајмерова болест, дали ќе се разболите од оваа болест зависи од тоа колку вашиот роднина бил стар кога се јавила болеста.

Ако вашиот роднина добил Алцхајмерова болест подоцна во животот, да речеме над 65 или 70 години, ризикот дека ќе се разболете е само малку повисок во однос на останатото население. Опасноста е многу поголема, 20-25%, ако Алцхајмеровата болест се јавила кај две генерации на најблиски роднини помлади од 65 години. Ако роднината што е болен е подалечен, на пример, дедо/баба, братучед или тетка, опасноста на која сте изложени е скоро иста како и за секој друг.

**П. Како се препознаваат првите симптоми на деменција?**
**О.** Првите знаци на деменција може да бидат слаби и неодредени и не мора веднаш да се очигледни. Кога ќе станат видливи за некој член од семејството или близок пријател, другите луѓе може ќе ги отфрлуваат и ќе велат дека "тоа е само фаза што ќе помине". И навистина може да постои логична причина за промените што сте ги приметиле. Понекогаш, емоционалните состојби како што се вознемиреноста или депресијата можат да го наведат човек да стане позаборавен и да ја губи концентрацијата. Освен деменција, постојат многу причини за заборавање.

Симптоми на деменција може да се:

- зголемена заборавност;
- да не се биде во состојба да се учат нови работи или да се следат упатства;
- одново да се повторува една иста работа и многу пати да се поставуваат истите прашања;
- да се има потешкотии при правилно изразување или при завршување на реченицата;
- да се мешаат зборови и изрази (така да немаат никаква смисла);
- да се губат или сокриваат работите или да се обвинуваат другите дека ги украле;
- збрканост во врска со тоа кое време во денот е, каде се наоѓа лицето или кои се другите;
- страв, нервоза, тага, лутина и депресија;
- многу да се плаче или да се однесува глупаво;
- да се заборави како се прават секојдневните работи како на пример, како да се приготви оброк, како да се јаде, како да се вози или како да се бања.

## II. Каква помош може да се добие?

- **професионална проценка**

Сега се сфаќа колку е важно да се добие точна проценка. Општиот лекар може да ви препорача да добиете специјализирана проценка преку локалната Aged Care Assessment Team (ACAT), (Екипа за проценка на нега за стари лица), или да одите на приватна консултација кај невролог, психијатар или геријатар. Alzheimer's Association NSW (Здружението за Алцхајмерова болест на НЈВ) може да ве упати кај локалната екипа на ACAT.

### Зошто е потребно да се добие проценка?

Целосната проценка ќе ви каже неколку работи:

- за која болест станува збор;
- дали болеста може да се излечи или да се лекува;
- за каков вид на неспособност станува збор и во колкава мерка;
- во кои области лицето сеуште може успешно да функционира;
- какви промени можете да очекувате во иднина;
- на кој начин можете да добиете поддршка и помош.

### Информации и поддршка

Да се негува лице со деменција може да биде физички и емоционално исцрпувачки. Здружението за Алцхајмерова болест на НЈВ е непрофитабилна организација која им нуди услуги на поддршка на лицата кои се болни од деменција во државата.

Во овие бесплатни услуги е вклучена и телефонската HelpLine (информативна служба) на која можат да се јават (на 1800 639 331) членовите од семејството, пријатели или секој што е загрижен за деменција. Со вас ќе разговараат професионални советници и обучени доброволци во врска со работите што ве загрижуваат и вознемируваат, ќе ви дадат информации за деменција и за тоа како да се справите со болеста, и ќе ве упатат кај соодветните општински служби. Исто така, можете да се договорите лично да разговарате. За овие средби може да се организираат преведувачи.

Здружението, исто така, ја координира работата на над 130 групи за поддршка за старатели на лица со деменција во НЈВ. Исто така, здружението располага со библиотека за деменција и нуди образовни програми.

### Правни и финансиски работи и старателство

Кога некој член од семејството има деменеција, треба колку што се може поскоро да се средат правните и финансиските работи. И на лицето што има деменција и на членот од семејството што го негува може да им треба помош од професионален правен и финансиски советник за да можат да организираат тестамент, долготрајно ополномоштување, долготрајно старателство и други работи.

Ако во семејството постои конфликт во врска со работите што се во најдобар интерес за лицето со деменција, може ќе треба да го контактирате Guardianship Tribunal (Трибунал за старателство) на 1800 463 928.

Екипата за проценка на нега на стари лица може да организира да ги добиете следните услуги во зависност од тоа дали ги има во вашата област и од одредената ситуација во која се наоѓате.

### Помош во домот

Често е потребно практично да им се помогне на лицето со деменција и на неговиот или нејзиниот старател. Во услугите за грижа од заедницата спаѓаат: домашна нега, бањање, помош при домашни работи, градинарство, приготвување на оброци, пазарење, итн.

### Одмена на негуватели

Постојат различни опции на одмена што му овозможуваат на членот од семејството што го негува болното лице да се одмори. Со одмената, за лицето со деменција се грижат платени работници. Центрите за дневна нега на возрасни нудат нега од неколку часови на ден. За подолг одмор, може да се организира лицето да се негува дома, или да престојува во некој центар за нега на стари лица една или повеќе ноќи.

### Нега со престој

Како што се развива болеста, може да се јави потреба од професионална нега со полно работно време. На располагање има центри за нега на постари лица (хостели и старечки домови).

Запаметете, не морате самите да го решавате овој проблем...
Помош може да се добие само ако се јавите на телефон:

Бесплатна Информативна линија 1800 639 331

> Телефонските броеви се точни во времето на издавање на оваа информација, но не се обновуваат ако дојде до промена. Ќе треба да ги проверите во телефонскиот именик пред да се јавите.

Alzheimer's Association NSW
P.O.Box 6042, North Ryde NSW 1670
www.alznsw.asn.au

Written by the Alzheimer's Association NSW and Professor Henry Brodaty.
Printed by NSW Health Department
April 1999
State Health Publication No. (CMH) 99 0036

NSW HEALTH

ALZHEIMER'S ASSOCIATION NSW
*Sharing Dementia Care*

Further copies available from the Better Health Centre, P.O.Box 58, Gladesville NSW 2111
Ph: 9816 0452 - Fax: 9816 0492 - email: DEI@doh.health.nsw.gov.au